Р Е П У Б Л И К А С Е В Е Р Н А М А К Е Д О Н И Ј А

М И Н И С Т Е Р С Т В О З А О Д Б Р А Н А

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД ВОЗНИОТ ПАРК НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Скопје, март 2022 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД ВОЗНИОТ ПАРК НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

## Член 1

Во Правилникот за начинот на користење на службени моторни возила од возниот парк на Министерството за одбрана бр. 01-2145/1 од 20.03.2015 година во членот 2 во став 2 зборовите: „државните службеници“ се заменуваат со зборовите: „административните службеници“, а зборовите: „државен службеник“ се заменуваат со зборовите: „административен службеник“.

## Член 2

Во членот 5 во став 1 по зборот: „барање“ се става запирка, па се додаваат зборовите: „писмено или електронски“, а после точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи:

„Барањето се поднесува до одговорното лице.“

## Член 3

Во членот 9 во став 1: зборовите: „патен налог“ се заменуваат со зборовите: „налог за службено патување“.

Во став 2 зборовите: „Патниот налог“ се заменуваат со зборовите: „Налогот за службено патување“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
„Налогот за службено патување од став 1 и 2 на овој член е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој Правилник.“

Член 4

По членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„Член 9-а

Одговорното лице изработува месечна работна листа која се наоѓа во секое возило.

Во месечната работна листа задолжително се евидентираат поминати километри и потрошено гориво за тековниот месец.

Месечната работна листа од став 1 и 2 на овој член е дадена во Прилог 2 и е составен дел на овој Правилник."

Член 5

Во членот 11 став 1 зборовите: „евиденциски лист - образец" се заменуваат со зборовите: „дневен евиденциски лист – образец на моторно возило и возач", а после зборовите: „државниот секретар" на крајот од реченицата се става запирка и се додаваат зборовите: „кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој Правилник".

Во ставот 2 зборовите: „евиденциски лист - образец" се заменуваат со зборовите: „дневен евиденциски лист – образец на моторно возило и возач".

Во ставот 3 зборовите: „Евиденцискиот лист од став 2 на овој правилник" се заменуваат со зборовите: „Дневниот евиденциски лист – образец на моторно возило и возач од став 1 и 2 на овој член" .

Член 6

Во членот 12 во став 7 зборот: „овластено"се заменува со зборот: „одговорно" .

По ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„Одговорното лице има обврска, шест месеци пред истекот на договорот склучен со овластен сервис да го извести непосредно претпоставениот за потребата од обновување на договорот."

Член 7

Во членот 13 во став 1 по зборовите: „комисија во состав од три члена" се додаваат зборовите „и нивни заменици - членови", а по зборовите: „министерот за одбрана" се додаваат зборовите: „или од него овластено лице".

Во алинеата два зборот „претставник" се заменува со зборовите „тројца претставници".

Алинеата три се брише.

Член 8

Во членот 17 ставот 2 се брише.

Член 9

Во членот 19 во став 1 зборовите: „патни налози“ се заменуваат со зборовите „месечна работна листа“, зборовите: „службеното возило“ се заменуваат со зборовите: службените возила“, а зборовите: „државен секретар или од него овластено лице“ се заменуваат со зборовите: „раководителот на Секторот за услуги, туризам, возен парк, одржување и обезбедување.“

Член 10

Во Правилникот за начинот на користење на службени моторни возила од возниот парк на Министерството за одбрана бр.01-2145/1 од 20.03.2015 година, во целиот текст зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборовите: „Сектор за недвижности и услуги“ се заменуваат со зборовите: „Сектор за услуги, туризам, возен парк, оддржување и обезбедување“.

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-2591/1

од 07-04-2022

Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

Славјанка Петровска

Изработил: Ирена Тошевска
Контролирал: Арефат Весељи
Согласни: Ристе Спасовски
Одобрил: Драган Николиќ

**Прилог 1**

Приходна сметка

Бр________________
____________2022 год.

## *НАЛОГ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ*

***МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА***

(назив на претпријатието)

***СКОПЈЕ***

место

датум

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ

НА РАБОТНО МЕСТО

ДА ОТПАТУВА НА ДЕН

МЕСТО КАДЕ ПАТУВА

ОПИС НА ЗАДАЧАТА

НА ПАТ ЌЕ СЕ ЗАДРЖИ НАЈДОЦНА ДО

ПО ОВОЈ НАЛОГ СЕ ОДОБРУВА АКОНТАЦИЈА ВО ИЗНОС

СО БУКВИ ДЕНАРИ:

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР

## МЕСЕЧНА РАБОТНА ЛИСТА

**Прилог 2**

**В.П. МО на РМ** М.П. СбСл 32

**СЕКТОР ЗА УСЛУГИ,ТУРИЗАМ И ВОЗЕН ПАРК,**

**ОДДРЖУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

## Основно одржување на средството

| КАЛЕНДАР | | | | | | Возач кој го управува моторното возило (презиме, име) | Потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДНЕВЕНПРЕГЛЕДПРЕДУПОТРЕБА | 1 | ДНЕВЕНПРЕГЛЕДПОСЛЕУПОТРЕБА | 1 | ПЕРИОДИЧЕН-НЕДЕЛЕНПРЕГЛЕД | | |
| 2 | | 2 | | 2 | | | |
| 3 | | 3 | | 3 | | | |
| 4 | | 4 | | 4 | | | |
| 5 | | 5 | | 5 | | | |
| 6 | | 6 | | 6 | | | |
| 7 | | 7 | | 7 | | | |
| 8 | | 8 | | 8 | | | |
| 9 | | 9 | | 9 | | | |
| 10 | | 10 | | 10 | | | |
| 11 | | 11 | | 11 | | | |
| 12 | | 12 | | 12 | | | |
| 13 | | 13 | | 13 | | | |
| 14 | | 14 | | 14 | | | |
| 15 | | 15 | | 15 | | | |
| 16 | | 16 | | 16 | | | |
| 17 | | 17 | | 17 | | | |
| 18 | | 18 | | 18 | | | |
| 19 | | 19 | | 19 | | | |
| 20 | | 20 | | 20 | | | |
| 21 | | 21 | | 21 | | | |
| 22 | | 22 | | 22 | | | |
| 23 | | 23 | | 23 | | | |
| 24 | | 24 | | 24 | | | |
| 25 | | 25 | | 25 | | | |
| 26 | | 26 | | 26 | | | |
| 27 | | 27 | | 27 | | | |
| 28 | | 28 | | 28 | | | |
| 29 | | 29 | | 29 | | | |
| 30 | | 30 | | 30 | | | |
| 31 | | 31 | | 31 | | | |

**Од** ____________ до ____________

марка тип ____________ **рег. бр.** ____________

Број на шасијата ____________ на моторот ____________

Вид гориво полн резервоар ________л.

Троши гориво:на ____________ на мото час ____________

Носивост во тони ____________ број на патници ____________

**ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ВОЗАЧОТ-РАКУВАЧОТ**

| | |
|---|---|
| | |

Податоци за прием на гориво, маса и др.

| Датум | Докум. Бр. | Гориво | Мотор. Масло | Хипоидно масло | Маст | Антифриз | Потпис на ракувачот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| | **РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР** |

**Прилог 3**

# ДНЕВЕН ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ НА МОТОРНО ВОЗИЛО И ВОЗАЧ

| | |
|---|---|
| Рег. број на возило | |
| Марка/тип | |
| Вид гориво | |
| Танкирање на гориво | |
| Датум на евиденциски лист | |

| Дневен преглед - основно одржување на возило | | | |
|---|---|---|---|
| каросерија | | масло | |
| Ентериер | | акумулатор | |
| Вода/антифриз | | Педала за кочење | |
| сигнализација | | Рачна кочница | |
| ЗАБЕЛЕШКА: | | | |
| Лице кое го извршил прегледот и управува М/В | Име и презиме | | |
| | Своерачен потпис | | |

| Р.бр. | ВОЗАЧ НА ВОЗИЛО | | КОРИСНИК НА ВОЗИЛО | | | ДЕСТИНАЦИЈА | | ВРЕМЕ | | КИЛОМЕТРИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Име и презиме | Своерачен потпис | Име и презиме | Своерачен потпис | Сектор | Од | До | Почеток | Крај | Почеток | Крај |
| 1 | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | | | | | |

**ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ДНЕВЕН ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ НА МОТОРНО ВОЗИЛО И ВОЗАЧ**

**ДАТУМ:** **ПРЕДАЛ:** **ПРИМИЛ:**